Проектот” Ride and Smile” започна.

**Кое Европско училиште ќе биде победник во натпреварот ”Со велосипед до училиште” во наредните две години?**

Проектот “Ride and smile” го промовира велосипедизмот во урбаните средини како правилен избор и ефективна опција за учество во сообракајот како нешто што треба да остане и пренесе на следните генерации. Преку игри и натпревари помеѓу учениците и училиштата од различни училишта проектот “Ride and Smile” креира виртуален натпревар со цел да ги предизвика и едуцира на тема екологија и одржлива мобилност.

Целта на “Ride and Smile” е да креира апликација и веб-платофрма наменета за ученици од основно образование. Со користење на апликацијата Европските училишта кои се вклучени во “Smile” мрежата ќе орагинизираат натпревари во кои наставниците , учениците и семејствата ќе земат активно учество. Со помош на горенаведеното целокупната училишна заедница ќе придонесе во зголемување на километражата на училишниот тим воедно и едуцира за бенефитите од возење велосипед. Со користењето на апликацијата учениците ќе ги надоградат своите дигитални способности како и нивото на познавање на Англискиот јазик .

Идеата за проектот е базирана врз искуството од Европскиот предизвик во возење на велосипед , натпревар во велоиспедизам меѓу тимови кој се одржува секоја година во Мај, еден од најголемите натпревари за велосипедизам кој вклучува 52 градови од 17 држави со вкупно 46000 учесници кои поминуваат 4000000 км во 1 месец. Пристапот кој вклучува игри и натпревари ги охрабрува учесниците да го користат велосипедот што е можно повеќе :

Учесниците ги мерат патувањата со велосипед преку бесплатната апликација со што придонесуваат кон километражата на својот тим и преку лидер-таблите може да ја проверат позицијата на тимот во секое време. Но не е се во дигитализацијата: Ride and Smile ги промовира најдобрите пракси низ цела Европа преку низа настани, состаноци, игри и лекции во вклучените училишта со што придонесува во креирање на заедничка култура за одржлив сообракај.

Како за крај, “Ride and Smile” ќе го прослави крајот на проектот со симболично велосипедско возење од Рим до Брисел: 1600 km возење на две тркала низ шест држави за да ги донесе резултатите од проектот директно во срцето на ЕУ. Децата ќе можат да го следат патувањето од ден во ден преку интерактивната платформа на “ Ride and Smile” со цел да научат и разберат дека велосипедот може да се користи и на долги стази. Тие ќе откријат дека возењето велосипед е прекрасна авантура и начин со кој може да се истражува и учи.

Тим составен од организации (“ ReBike ALTERmobility” ,” Bike2School” Италија,” Eco Logic” Македонија “Eurogeo” Белгија) Училиштата ( “ Carlo Pisacane” Италија; “Pestalozzi “ Македонија;” Dr. Balasi Jozef “ – Романија, Универзитети “ University of Salsburg” се одговорни за менаџирање на проектот.

Ride and Smile е само продолжување на претходните проекти “Smile” od 2015та година и
“ Smile and Play “ кои истотака го промовираа велосипедизмот , учењето на Англиски јазик и гамификација како пристап.

.